До: Општина Битола
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 90/1 | | |

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Колку финансиски средства има општината за жртвите од семејно насилство, и како се трошат истите?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Битола, 12.05.2025 година .

Потпис

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Координатор за еднакви можности

Бр.11-90/2
13.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-90/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 13. 05. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 90/3 | | |

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Емилија Ј. Илијевска

Предмет : Одговор на барање информација од јавен карактер о[redacted]

Колку финансиски средства има општината за жртви од семејно насилство и како се трошат истите ?

Почитува[redacted]

Општина Битола во својата програма за Еднакви можности помеѓу мажите и жените 4 та година по ред од својот Буџет издвојува 1 000 000 ден за Советувалишниот центар отворен во соработка со Национална мрежа за жртви на семејно насилство и во месец Декември врз база на изготвен извештај од нивна страна средствата се префрлуваат.

Исто така, во програмата издвоени се 100 000 ден за надомест на кирија на жртви од семејно насилство, овие средства се исплаќаат во соработка Центар за социјална работа – Битола

Битола

13.05.2025

Координаторка за еднакви

можности

Викторија Христовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-90/4
13.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **13.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-90/2025** од **13.05.2025 година**, каде бара информација колку финансиски средства има општината за жртвите од семејно насилство, и како се трошат истите.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted]днесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-90/2025** од **13.05.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација колку финансиски средства има општината за жртвите од семејно насилство, и како се трошат истите.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-90/1 од 13.05.2025
2.Допис до Координатор за еднакви можности бр.11-90/2 од 13.05.2025.
3.Одговор од Координатор за еднакви можности со бр.11-90/3 од 13.05.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 13.05.2025 година, под бр. 11-90/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА